**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Комисија за организации со статус од јавен интерес
Komisioni për organizata me status tëinteresitpublik

Скопје/Shkup, 09.03.2022 година/viti

Архивски број: 20 - 5/1

ДО: Здружение Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово-Пласница
Пласница б.б. О.Пласница

ПРЕДМЕТ: Барање за корегирање на Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година, на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово – Пласница, со статус на организација од јавен интерес

Почитувани,

Комисијата за организации со статус од јавен интерес на шеснаесеттата седница одржана на ден 4.02.2022 година, го разгледа Деловниот и финансиски извештај за 2020 година на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово – Пласница, со статус на организација од јавен интерес и утврди дека Деловниот и финансискиот извештај не ги содржат сите потребни податоци согласно Правилникот за образецот за формата и содржината на Деловниот и Финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ“ бр.18/2011).

Имено, Комисијата констатираше дека наведената веб страница на здружението не е функционална поради што е потребно здружението да прикаже дека Деловниот и финансискиот извештај се објавени на веб страница на здружението, а согласно со член 87 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16).

Исто така, Комисијата констатира дека податоците наведени во делот -- Резиме на Програмата - Целта на проектот т.е. причината за реализација на проектот и промената што е постигната со неговата реализација треба да биде дополнет на начин што ќе биде наведено која е целта на проектот и што со истото се очекува во иднина.

Во согласност со член 75 став 1 алинеја 6 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр.52/10 , 135/11 и 55/16) потребно е


Комисија за организации со статус од јавен интерес
Влада на Република Северна Македонија

Komisioni për organizata me status tëinteresitpublikQeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk

здружението да има соодветни финансиски ресурси, односно вкупна вредност на имотот или годишниот приход од минимум 1.500 евра во денарска противвредност според курсот на Народна банка на РСМ. Поради тоа што во Деловниот извештај е наведено дека вкупниот буџет на здружението изнесува 83.000 денари и дека Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово не поседува имот, Ве молиме да доставите доказ од сметководствената евиденција (извод од инвентарна книга или извод од банка), со цел да се утврди дали здружението го исполнува условот пропишан во горенаведениот член од законот.

Дополнително, Министерството за финансии достави мислење по однос на Финансискиот извештај на здружението и утврди дека:

- Во Финансискиот извештај на здружението во колоната на претходна година збирот на износите за позициите членарини и пренесен дел од вишокот на приходите не е еднаков на прикажаниот износ во позицијата вкупни приходи.
- Во колоната за тековна година износот во позицијата вкупни приходи не претставува збир на износите за приходи прижани во Извештајот.

Ве молиме Финансискиот и Деловниот извештај да ги корегирате во рок од 7 дена од денот на приемот на дописот согласно горенаведените забелешки со цел негово повторно разгледување од страна на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Доколку во наведениот рок не постапите по наведеното барање, Комисијата за организации со статус од јавен интерес ќе постапува согласно постоечката законска регулатива.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛКА
НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ
СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
Марија Митевска

Прилог: Мислењето од Министерството за финансии бр.13-10065/2 од 19.11.2021 година.
Подготвила: м-р Моника Стефановска Кировски
Корегирала: Сања Савовска
Одобрила : м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска


Комисија за организации со статус од јавен интерес
Влада на Република Северна Македонија

Komisioni për organizata me status tëinteresitpublikQeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk